| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Расцветана градина |
| **Содржина на денот** | Буба Мара |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Александра Балшиќевска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и усвојување на навики за здраво и безбедно однесување кога сме во блиска околина, парк  и сл. |
| **Активности** | Активноста започнете ја со разговор по слика за годишното време пролет, за инсектите кои се будат кога ни пристигнува пролетта.<br>Задржете го вниманието на детето на инсектот „Буба мара“ – именувајте ја, опишувајте ја (изглед, боја , форма, големина и сл.), така на тој начин ќе го воведете детето во содржината на песната. Откако ќе завршите со разговорот започнете со вежби за правилно држење на телото при пеење и со вежби за правилно дишење.<br>Потоа слушајте ја песната „Буба мара“ неколку пати, објаснете ја содржината и непознатите зборови, а потоа заеднички заучете ја во придружба на музика се додека детето има интерес.<br>Активноста завршете ја со прошетка во блиската околина и набљудувајте ја природата  во пролет.<br><br>‣Во прилог линк од песната:<br>https://www.youtube.com/watch?v=XHOsxENzyCM |